# Антикорупциска политика – Преглед на обврски и забрани

## ОБВРСКИ

- Водете ги сите деловодни книги и сите документи за трансакциите на прецизен, точен, целосен и правилен начин.
- Плаќајте ги репрезентативните трошоците за трети лица во согласност на антикорупциската политика на GW и локалните закони, репрезентативните трошоци треба да бидат во служба на дозволени деловни цели. Истото важи и во однос на прифаќање на истите.
- Во случај на покана на службени лица, информирајте го работодавецот на лицето(а) кое(и) е/се гости.
- Подарувајте подароци само во согласност со антикорупциската политика на GW и локалните законски одредби кои се со разумна големина и вредност. Истото важи и во однос на прифаќање на истите.
- Давајте добротворни прилози само во согласност со Распределбата на овластувања и Антикорупциската политика на GW.
- Во случај на прашања во однос на Антикорупциската политика или Кодексот на однесување, обратете се на членовите од Комитетот за контрола.
- Доколку станете свесни за прекршување на Антикорупциската политика или Кодексот на однесување, веднаш информирајте ги надредениот, Комитетот за контрола или, по потреба, Управниот одбор.

## ЗАБРАНИ

- Не фалсификувајте сметководствени или други деловни записи.
- Забрането е плаќање, нудење, одобрување, земање или ветување на поволности на и од службени лица, политички партии или трети лица.
- Воздржете се од директно плаќање на службени лица, без оглед дали се работи за авансно плаќање или надоместок.
- Не преземајте и прифаќајте никакви репрезентативни трошоци, доколку трошоците не се разумни, не се директно поврзани со услугите на GW, се плаќаат зачестено кон истото лице, вклучуваат финансиска поддршка на членови од семејството или опфаќаат платени или надоместени попатни застанувања.
- Давањето или прифаќањето на рекламни продукти, покани и подароци мора да биде сразмерно. Во случај на подароци кои имаат вредност повисока од 100,-- евра (службено лице) односно 200,-- евра (клиенти и доставувачи), мора да се информира Одделот за контрола, доколку нема писмено одобрување од одговорниот член на УО.
- Никогаш не давајте или прифаќајте подарок или промотивен материјал, без разлика на вредноста, со намера на несоодветно влијание.
- Најстрого е забрането плаќање, нудење, одобрување и примање на мито/потплата за олеснување.
- Не давајте политички придонеси без претходно одобрување од одговорниот член на Одборот.
- Воздржете се од вршење на плаќања и придонеси во име на или во корист на GW од лични средства, доколку тоа се коси со Антикорупциската политика.

# АНТИКОРУПЦИСКАТА ПОЛИТИКА

## ПОЛИТИКА:

Gebrüder Weiss (GW) се обврзува во рамките на својата деловна дејност да се стреми кон највисоките стандарди на интегритет, како што е наведено во Кодексот на однесување.

Оваа политиката е воведена за унапредување на таа посветеност преку обезбедување усогласеност со принципите и целите на Конвенцијата против поткуп на странски јавни службеници во меѓународни трговски трансакции на Организацијата за економска соработка и развој (Конвенција на OECD) и спроведување на законодавството, вклучувајќи го и австрискиот Закон за изменување и дополнување на кривичниот закон за корупција (Korruptions-strafrechtsänderungsgesetz) 2012 BGBl бр. I 61, законот на САД за практики со корумпирани странски службеници ("FCPA") и законот на Обединетото Кралство против поткуп од 2010 г. ("Bribery Act"). Овие закони и дополнителните локални закони низ целиот свет го забрануваат или ограничуваат директното или индиректното плаќање на значителна вредност кон службени лица, вработени на клиентите или политички партии и бараат строги контроли на распоредувањето на средства од компанијата и сметките со средства на компанијата.

Политиката се однесува на сите членови на Управниот одбор, раководството и вработените на GW, на нејзините подружници или поврзани компании над кои GW има директна контрола, како и на сите други правни лица кои делуваат во име на GW. Во друштвата во кои GW поседува интереси, но нема оперативна контрола, GW ќе вложи големи напори да ја спроведе оваа или истоветна политика. При појава на одредени околности, GW има предвидено поограничувачки мерки отколку што пропишува законот, поради својата посветеност на етичките вредности на компанијата и нејзината деловна репутација во светот. Процедурите за обезбедување усогласеност со Антикорупциската политика се наоѓаат во Програмата за управување на трети лица.

## I. ПРАВИЛНО ВОДЕЊЕ НА ДЕЛОВОДНИТЕ КНИГИ И ЕВИДЕНЦИИ

A Членовите на Управниот одбор, раководните лица и вработените мора да се осигурат дека деловодните книги и евиденциите навремено, прецизно, точно, целосни и соодветно ги прикажуваат сите трансакции и распределби на средства. Тука спаѓаат документи кои служат за разјаснување на факти.

B Никој член на Управниот одбор, раководството, вработен или партнер нема да учествуваат во фалсификување на сметководителски и други деловодни книги. Сите евиденции мора да бидат одраз на суштинските факти и типот на плаќањата. На пример, при исплатите кон трети лица треба да се наведе природата и причините за таквите исплати.

C Поради ниедна причина, ниту смее да има нераспределена или незаведена пасива или актива. Доколку не е достапна соодветна документација, депозитите и плаќањата не смеат да се означуваат како „разно“. Секоја уплата треба поединечно и точно да се заведе.

D Членовите на Управниот одбор, раководството и вработените мора да бидат свесни за сметководствените работи, за да се осигураат дека водењето на деловодните книги е согласно на опишаното во точка A. Во случај на прашања, дилеми или сомнителни сметководствени практики, контакт лице на горенаведените лица се соодветните претпоставени и стручните оддели. Членовите на Управниот одбор, раководството и вработените, исто така, треба да одговорат целосно и веродостојно на сите прашања на внатрешните и независните ревизори на GW.

## II. ЗАБРАНЕТИ ИСПЛАТИ

Забрането е плаќање или примање на секаков вид на недозволени исплати.

## III. РЕПРЕЗЕНТАТИВНИ ТРОШОЦИ

A Во одредени околности, согласно на Политиката и законските одредби, исплатите на репрезентативни трошоци може да се сметаат за забранети исплати.

B Врз основа на Политиката на GW и основните етички принципи, сите репрезентативни трошоци, независно од приматело, мора да бидат во согласност со локалните законски одредби како и да бидат сразмерни и да служат на соодветна деловна цел.

C Дополнително, плаќањето на репрезентативни трошоци на јавните службеници подлежи на дополнителни барања. Важно е да се земе предвид дека терминот службени лица кој се употребува во оваа Политиката е општ и не се однесува само на избраните и назначените владини службеници, туку и на вработените во друштва кои ги поседува или ги контролира владата (меѓу другите).

**Репрезентативните трошоци предвидени за службени лица:**

1. треба да бидат директно поврзани со
    a. промовирањето, демонстрирање или објаснувањето на производите и услугите на GW или
    b. спроведувањето или извршувањето на договор на GW со одредена држава или нејзините органи.
2. треба да бидат во разумна висина.
3. не треба да се вршат толку често или редовно со што би се нарушиле целите на оваа Политика или би се создал привид на нерегуларност.
4. не треба да опфаќаат финансиска поддршка на брачни другари, членови од семејството или други гости.
5. не треба да опфаќаат платени или надоместени попатни места за одмор (на пр. патување од Виена за деловен состанок во Лондон со скршнување до Париз за посета на Евродизни).
6. не треба да се вршат директно на службени лица.
7. мора да има претходно писмено известување од GW до работодавачот на сместеното/ите лицето(та). Во одредени околности, GW може да бара писмена потврда од работодавачот.
8. каде што е тоа возможно, лицето(та) за кое се нуди сместување треба да биде избрано од работодавачот.

## IV. ПОДАРОЦИ И ПРОМОТИВЕН МАТЕРИЈАЛ

A Подароците за службени лица, политички партии или клиенти, односно добавувачи може да се сметаат за забранети исплати кои се косат со законските одредби и со оваа Политика, иако подарувањето подароци е вообичаено во многу деловни култури. В Согласно на Политиките на GW и етичките деловни практики сите дадени подароци и промотивни материјали од или на GW (вработени) мора да бидат

1. во согласност со локалните законски одредби.
2. со разумна големина и вредност и подарени поради легитимни деловни цели или во соодветна пригода.

B  Согласно на Политиките на GW и етичките деловни практики сите дадени подароци и промотивни материјали од или на GW (вработени) мора да бидат

1. во согласност со локалните законски одредби.
2. со разумна големина и вредност и подарени поради легитимни деловни цели или во соодветна пригода.

C  Покрај тоа, во случај на подароци кои имаат вредност повисока од 100,-- евра (службено лице) односно 200,-- евра (клиенти и доставувачи), мора да се информира Одделот за контрола, доколку нема писмено одобрување од одговорниот член на УО.
Во секој случај треба да се исполнат наведените дополнителни услови.

**Таквите подароци или промотивни материјали**

1. не треба да опфаќаат готовина или готовински еквиваленти.
2. треба да бидат со вообичаени тип и вредност за земјата домаќин и направени во соодветно време или во соодветни околности.
3. не смеат да бидат подарени со намера да се влијае на примачот или на третото лице, со цел да се задржат или одржат договори, или како експлицитна или имплицитна размена за конкретни услуги или поволности од примачот, без оглед дали делува службено или лично, или од неговиот работодавач. Наместо тоа, подароците треба да се подаруваат како знак на внимание или како симбол за уважување или почит.
4. треба да се подарат во име на GW, а не во име на член на Управен одбор, вработен или партнер на GW.
5. не треба да бидат подарени повеќе од трипати на истото службено лице или политичка партија во период од дванаесет месеци.
6. не треба да се даваат во јавност. Каде што е соодветно, подарокот треба да биде за деловна употреба, а не за лична употреба на примачот.

## V. МИТО/ПОТПЛАТА ЗА ОЛЕСНУВАЊЕ

GW забранува давање или прием на мито/потплата за олеснување, бидејќи истото е забрането со локалните закони во скоро сите земји и преку Законот за поткуп на ОК (UK Bribery Act) како и со австриското законодавство.

Доколку членовите на Управниот одбор, раководството, вработените или партнерите веруваат дека се загрозени живот и здравје на луѓе, вршењето исплата на службени лица или други личности не преставува прекршување политиката. Комитетот за контрола треба веднаш да се извести за таквите исплати.

## VI. ПОЛИТИЧКИ ДОНАЦИИ

Плаќањето или обезбедувањето оперативни ресурси, помошни средства или услуги од кој било вид на лица кои се кандидираат за политички функции, политички партии, нивни кандидати или вработени, политички иницијативи, референдуми или други форми на политички кампањи бара претходно одобрение од одговорниот член на Управниот одбор. Исто така, партнерите не смеат да прават политички придонеси преку или во име на GW без претходна согласност од задолжениот член на Управен одбор.

## VII. ДОБРОТВОРНИ ДОНАЦИИ

A. Како што е опишано во Кодексот на однесување на GW, одржливоста и социјалната одговорност се суштински вредности на компанијата. Според тоа, GW обезбедува добротворни донации преку својата програма за Корпоративна општествена одговорност. Меѓутоа, GW мора да гарантира дека добротворните придонеси се даваат само на легитимни добротворни организации и се користат само за соодветни добротворни цели, а не се поинаку погрешно применети за да се косат со закон или со оваа Политика. Во спротивно ова ќе се смета како прекршување на правото или повреда на овие Политики.

B. Добротворните донации кој се прават со средства на GW или во име на GW на друг начин, треба да бидат во согласност со Распределбата на овластувања.

Gebrüder Weiss

C. Потребна е претходна писмена согласност од задолжениот член на Управен одбор за добротворна донација што треба да се направи со средства на GW или во име на GW на друг начин ако се присутни некои од следниве околности:

1 Примачот не се согласува да издаде потврда за донација.
2 Примачот предлага донацијата да биде анонимна.
3 Донацијата е насочена кон сметки во трета земја (т.е. земја што не му е матична ниту на примачот ниту на GW).
4 Член на Управниот одбор, раководството или вработениот на примачот на донација има семејни или други врски со службено лице.
5 Износот на донацијата или примачот се предложени од службеното лице.
6 Има причини за претпоставка или сомнеж дека донацијата може да влијае на: (i) дејствата на една држава или да го поттикне службеното лице поповолно да гледа на GW; или (ii) одлуката на клиентот да додели или обнови договор или да обезбедува работа за GW.

## VIII. ЛИЧНИ ПРИДОНЕСИ И ИСПЛАТИ

Ништо од овие Политики нема да се смета дека влијае или забранува парични донации од членови на Управниот одбор, раководството, вработените или партнерите од нивни приватни средства и од лични причини, се додека никој од членовите на Управниот одбор, раководството, вработените партнерите не ги користи своите лични средства да врши плаќања или придонеси во име на и во корист на GW, кои се косат со Политиката.

## IX. ПОД-ИЗВЕДУВАЧИ, ЗАЕДНИЧКИ ВЛОЖУВАЊА И ЗДРУЖУВАЊА/ ПРЕЗЕМАЊА

AGW мора да осигура дека трети лица (на пр. претставниците и под-изведувачи) и партнерите од заедничките вложувања се усогласени со Политиката и антикорупциското законодавство.

1 Пред под-изведувачот да биде ангажиран или обврзан, членовите на Управниот одбор, раководството или вработените треба да спроведат детална проверка и да ги завршат чекорите кои се наведени во Процесот за проверка на работата од трети лица, вклучително и добивање на претходна писмена согласност од одговорниот член на Управниот одбор. Членовите на Управниот одбор, раководството или вработените ќе дадат сѐ од себе да се обезбеди дека сите претставници се согласуваат да се придржуваат на Кодексот за однесување на GW, Антикорупциската политика на GW и антикорупциското законодавство (без оглед дали претставниците се подложни на него).

2 Пред склучување на нов договор за заедничко вложување, членовите на Управниот одбор, раководството или вработените треба да спроведат детална проверка и да ги завршат чекорите кои се наведени во Процесот за проверка на работата од трети лица, вклучително и добивање на претходна писмена согласност од одговорниот член на Управниот одбор. Членовите на Управниот одбор, раководството или вработените ќе дадат сѐ од себе да се осигурат дека сите Заеднички вложувања и партнерите во Заедничките вложувања се согласуваат да се придржуваат на Кодексот за однесување на GW, Антикорупциската политика на GW и антикорупциското законодавство (без оглед дали партнерите се подложни на правни прописи) во врска со секој договор. Членовите на Управниот одбор, вработените или партнерите треба да се осигураат дека Заедничките вложувања правилно ги водат книгите како и сите поврзани евиденции, и дека е креиран и применет интерен систем на контрола.

Пред склучување на договор за здружување или преземање, членовите на Управниот одбор, раководството или вработените треба да спроведат детална проверка и да ги завршат чекорите кои се наведени во Програмата за проверка на работата од трети лица, вклучително и добивање на претходна писмена согласност од одговорниот член на Управниот одбор. Членовите на Управниот одбор, раководството или вработените ќе се осигураат дека учесниците во здружувањата или преземањата се согласуваат да се придржуваат до Кодексот за однесување на GW, Антикорупциската политика на GW и антикорупциското законодавство (без оглед дали претставниците се подложни на него) во врска со кој било договор и дека истите ги почитувале и во минатото.

## X. ОБУКА

GW ќе обезбедува редовни задолжителни обуки за спроведување на оваа Политика и антикорупциското законодавство за сите членови на Управниот одбор, раководството, повеќето вработени и избраните партнери. Одговорниот член на Управниот одбор може во име на GW да побара одредени вработени или партнери да примат дополнителни, специјализирани обуки поради природата на нивната улога и одговорностите. Тој исто така може да предложи и одредени партнери за заеднички вложувања и претставници да добијат антикорупциски обуки.

## XI. РЕВИЗИЈА

Одредбите на оваа Политика ќе бидат предмет на одбрани прегледи кои ги спроведува одделот за Внатрешна ревизија односно одделот за Контрола на квалитетот на GW. Во рамките на овие прегледи, се оценува ефикасноста на оваа Политика и по потреба се предлагаат подобрува.

## XII. УСОГЛАСЕНОСТ

GW ќе внимава да се почитува оваа Политика, вклучувајќи навремено исполнување на условите за обуки, како компонента од евалуацијата на членовите на Управниот одбор, раководството и вработените. Придржувањето до оваа Политика ќе се зема предвид при давање на награди и отворањето на идни професионални можности во GW. Неисполнувањето на усогласеноста со оваа или сродни политики и процедури, или непријавувањето на прекршоци или претпоставени прекршоци може да се коси со закон, а ќе биде основа за дисциплинска мерка која може да опфати и прекин на работниот однос. Освен тоа, ќе биде побарано од посебно назначени директори, службеници и вработени повремено да потврдат дека ја прочитале Политиката и дека се усогласени со нејзините одредби.

* * *

Сите членови на Управниот одбор, раководството и вработени се обврзани да ги пријават прекршоците или можните прекршоци на оваа Политика или на антикорупциското законодавство кај својот надреден, Комитетот за контрола или директно кај Управниот одбор. Контакт лице за прашања во однос на оваа Политика за сите членови на Управниот одмор, раководството, вработените, партнерите и претставниците Комитет за контрола. (compliance@gw-world.com).

## ДЕФИНИЦИИ

**Службени лица:** Се однесува на лица кои:

а. се службеници (избрани, назначени или преку професионално образование) на сојузна, државна, локална или општинска власт.
б. вработени во влада, институција или министерство.
в. вработени во државни или државно контролирани претпријатија или компании.
г. вработени или претставници на државни или државно контролирани организации, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на непрофитни организации.
д. службеник или вработен во јавна меѓународна организација (на пр. Олимписки комитет, ОН, Светска банка, ЕУ, СЗО, НАТО);
ѓ. поединец кој делува за или во име на влада или која било од организациите наведени погоре од (в) до (д), иако можеби не е вработен во таа влада или организација;
е. службеник на политичка партија и/или кандидат за политичка функција;
ж. поединец кој се смета за службено лице според применливите локални закони.

**Антикорупциско законодавство:** Закони за спроведување на Конвенцијата на OECD, вклучувајќи го австрискиот Закон за изменување и дополнување на кривичниот закон за корупција (Korruptionsstrafrechtsänderungsgesetz) 2012 BGBl бр. I 61, FCPA, законот на Обединетото Кралство против поткуп (Bribery Act) и одредени локални закони кои се однесуваат на GW во земјите каде што работи.

**Под-изведувач:** Ја вклучува секоја страна од која: (i) може да се очекува да комуницира со еден или повеќе клиенти или примачи во име на GW; или (ii) има посебни познавања или контактира со службени лица, политички партии, владини и државни друштва или меѓународни организации, а се ограничува да ги користи своите контакти и посебните познавања да помогне GW да развие деловни активности, да преговара за деловни зделки или да се стекнува со одобренија од таквите ентитети.

**Добротворни донации:** Вклучува донации на секакви средства, капацитети и услуги од било каков вид од GW.

**Клиент:** Ги вклучува сите тековни и надежни клиенти на GW и секој што е сопственик, акционер, вработен, директор, службеник или претставник на тековен или надежен клиент на GW.

**Партнер:** Вклучува компании за логистика, проследување на карго или шпедиции што имаат заемно корисен деловен однос со GW, што опфаќаат користење на транспортни мрежи, возила и инфраструктура и што работат заедно со GW за задоволување на потребите на клиентите, а сепак се засебни правни ентитети кои не се поврзани со GW на друг начин.

## ДЕФИНИЦИИ

**Репрезентативни трошоци:** Плаќања за или во врска со патување, сместување, оброци и забава.

**Мито/потплата за олеснување:** Исплата на мали суми пари на службени лица за да се забрза или да се обезбеди правилно извршување на службената дејност на која плаќачот обично има право и која вообичаено ја врши службеното лице.

**Предност:** Вклучува сѐ што има парична вредност или претставува финансиска или друг вид на придобивка за примачот, како што се готовина или парични еквиваленти (на пример, благајнички чекови, парични налози, обврзници на доносител, ваучери за подароци), добротворни донации, политички донации, патни трошоци и подароци.

**Исплата:** Погледнете ја дефиницијата за “Предности” погоре.